СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр.08- 3901/2
14.06.2023 година
Кавадарци

# З А П И С Н И К

За работата на Седмата Вонредна седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за 14. 06.2022година.

ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ

Ја отварам Седмата Вонредна седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес.

На седницата присуствуваат 14 советници во салата. Преку зум имаме наши колеги 5, кои ќе не следат онлајн за точките.

Со тоа констатираме дека има кворум за работа и Советот може полновжно да одлучува, односно една точка на денешниот дневен ред.

Согласно член 40 став 4 од Законот за Локална Самоуправа пред започнување на седницата задолжително се гласа за оправданоста и причините за свикување на самата вонредна седница.

Во кратко ќе ја образложиме причината за денешната вонредна седница и мотивот за нејзино свикување.

Градоначалникот и Советот на Општина Кавадарци по повод одбележувањето на 80 години од смртта на 12-те Ваташки другари, во нивна чест, почит и сеќавање ги превзема активностите за вековен спомен на младите кои ги положија своите животи, борејќи се против бугарскиот окупатор за слобода на татковината.

Во насока на остварувањето на активностите во врска со 80 години од смртта на 12-те Ваташки другари, Советот има донесено претходно одлуки за подигање на овие спомен обележја и донесувањето на оваа Одлука, значи спроведување на управната постапка за издавање на решение за изградба на спомен обележјата согласно член 74 од Законот за градење, и завршување на целокупната постапка во пресрет на големиот ден за Тиквешијата, 16 јуни.

Ве повикувам да гласаме за оправданоста и причините за свикување на СЕДМАТА ВОНРЕДНА седница. Кој е за. Сите сме едногласно за причината и оправданоста за оваа Седма Вонредна Седница.

Со Решението за свикување на денешната седница имате добиено и Предлог на денешниот Дневен ред за денешната седница и тоа:

1. Предлог-Одлука за изведување на градба - Спомен обележја 12 (дванаесет) бисти и Спомен соба за 12-те Ваташки младинци ;

Согласно член 40 став 3 од Законот за Локална Самоуправа на вонредната седница не може да се менува денешниот дневен ред, затоа предлагам да преминеме кон гласањето на вака предложениот дневен ред. Ве молам колеги кој е за. Едногласно во сала. Почитувани што сте на онлајн. За. Во ред. Благодарам.

Преминуваме кон разгледување на единствената точка на денешниот дневен ред. Тоа е точката:

1. Предлог-Одлука за изведување на градба - Спомен обележја 12 (дванаесет) бисти и Спомен соба за 12-те Ваташки младинци ;

Со нас е и самата Одлука. Точката ја ставам дали има некој да се образложе, некое негово мислење, гледиште во однос на оваа Одлука. Значи имате добиено покана за Свечената седница која ќе се одржи утре во 19 часот и Предлог Програма за денот 16 јуни, која програма ќе започне во 10 часот. Почитуван Градоначалник повели.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитувани Претседател, почитувани советници, администрација, почитувани жители. Значи сакам да укажам на потребата и од оваа денешна Одлука, која што треба да се донесе значи и прво да изразам благодарение Министерството за култура и Националниот Совет за заштита на споменици од прв степен и нивното излегување во пресрет на нашиот проект кој што го имаме како Општина Кавадарци за изградба на 12-те бисти за нашите 12 младинци, кои што го имаат животот загубено со нивно погубување во 1943 година. Исто така е значаен овој ден 16 јуни, затоа што завршува 80 години од смртта на нашите тогашни деца и Општина Кавадарци во Програмата претходно имаше за изградба и поставување на 12 бисти и изградба на Спомен соба, која што е со конкретни димензии, мерки, висини и нејзината намена е како сувенирница и соба во делот на сеќавањето на 12-те деца. Заради тоа што цела постапка се водеше заедно со Министерството за култура и Националниот Конзерваторски Завод, сите работи одеа паралелно и до ден денеска се запазени сите прописи и одлуки кои што треба да ги донесат, ова е последната одлука пред отварањето на бистите на 16-ти јуни, која што треба да се донеси за да си биде сето протоколарно запазено во делот на она што значи

заштита и Споменик од прв степен. Јас вооедно во име на својство Градоначалник би сакал еве од мое име сите советници да бидиме заедно и на свечената седница, да бидиме заедно и на денот 16-ти јуни, на отварањето на 12-те бисти, отварањето на Спомен собата со сувенирницата и нормално одавањето на почит на Споменикот на 12-те деца по повод 80 години од денот на стрелањето на младинците од тогашниот окупатор 1943 година. Имаме културна програма од поголем обем, така да веќе имаме најавено дека Игор Џамбазов ќе биде водител и на свечената Академија и на денот на одбележувањето, на 16-ти јуни, Катерина и Андријана ќе ни бидат тие што ќе јуа отпејат песната за селото Ваташа, заедно со целокупниот хор Мирче Ацев од Скопје. Така да ќе дадиме еден голем придонес на историјата и еден голем придонес на иднината со укажување на добри работи, а добрите работи се почитување на минатото, градање и запазување на она што било минато и давање на иднината една силна подршка за да не се повторат тие злодела од било која страна, а тоа го направиме со едни позитивни моменти, моменти на она што значи 21-ви век, еден соживот за да можеме да продолжиме понатаки и како нација македонска, меѓутоа и како потенцијални кандидати за влегување во Европската Унија, да можеме да ги следиме нашите вредности и благодарение на кои што се имаме ние створено како нација. Во делот на официјални гости нормално дека имаме покането од Владата гости, ќе има присуство од политички партии, пратениците, така да еве и вие како советници, нормално според вашите структури од вашите независни листи и од листи би било добро да си поканите гости да имаат било каков придонес и удел во делот на Општина Кавадарци и во делот на Ваташа или 12-те Другари Споменикот. Само да се потсетиме на една работа дека пред се ми е гордост што заеднички го работиме овој проект сите советници заедно со службите, дека Спомен обележјето на 12-те Ваташки Младинци, отсекогаш било посетено место, отсекогаш било место за изучување на нештото кое што било направено на злосторски начин и мислам дека со ова ќе тго вратиме ликот и ќе го вратиме авторитетот на самиот споменик на повисоко ниво. Така да тоа е од моја страна што имам да кажам и очекувам да заеднички го прославиме овој ден, нормално би сакал како

советници и како пратеници да земите и активно учество во Протоколот во делот на отварањето на 12-те бисти. Сеуште имаме членови кои се од прво, второ колено, живи на самите деца кои што се стрелани. Тие ќе бидат дел од цела манифестација и верувам дека и вие како советници ќе заземите удел и учество во делот на отварањето на бистите, отварањето на Спомен собата, да оставиме една историја која што била на злобен начин да ја подобриме со делот на методите и начинот на кои што може да ги направиме, а тоа е со градењето на позитивна енергија и со кажувањето на нашите идни поколенија дека нешто кое се случило пред 80 години било погубно заВаташани и Кавадарчани, меѓутоа од денешна гледна точка тоа е и тоа кое што значи историја и мораме да се движиме напред. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Градоначалник. Некои други прашања. Диме дали како дел што доаѓаш од Ваташа имаш информација во таа Спомен соба за одредени делови од 12 младинци, одредена нивна облека, сеќавање од нивните фамилии.

СОВЕТНИК ДИМЕ КОЦЕВСКИ: Добарден Претседателе, добарден Градоначалник, добарден колеги, добарден сограѓани. Значи вака, Спомен собата ќе биде исполнета со, бидејќи како што кажа и Градоначалникот има сеуште живи од прво, второ колено од роднините, имаат луѓето и самоволно си кажаа човеците дека сакат да донесат и да донират тоа што го имат по дома, има некои работи во Музеј галеријата кај нас, сувенирницата исто така ќе функционира. Е сега јас мо9жеби и како советничка група би можел нели да потикнам една работа. Тоа би било да се донесе некоја одлука на пример да се воведе едно задолжително посетување како што беше порано на дел од учениците од цела држава, да се , незнам кое одделение на пример, некое одделение и да се донесе една одлука да се испрате до Министерството, затоа што ќе ни треба публицитет. Ако правиме нели сувенирница, таа сувенирница јас мислам и таа Спомен соба многу повеќе би функционирала кога би имала многу голема посетеност. Тоа би бил еден мој предлог. Тоа го мислам уште кога почна да се реализира оваа идеја, ако е изводливо, пак ќе прашам, тоа е сепак работа на Министерството, ама редно е ние да пратиме како некоја инцијатива да биде задолжително

одделенија некои да се носат на Споменикот, како што беше порано, а иначе да, собата ќе биде до терминот, до 16-ти ќе биде уредена колку што може, а после тоа ќе се носат дополнително работи кои што ќе бидат потребни таму. Благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Градоначалник менаџирањето на таа просторија би одело под Домот за култура така.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи тоа сепак у петок на 16-ти ќе биде свечено пуштање во употреба на Спомен собата, сувенирницата и најбитното 12-те бисти во чест на 12-те младинци. Нормално после тоа, на наредниот Совет 21-ви ми се чине, имеме веќе редовна седница закажано, дотогаш ќе се спреми се комплетно, ќе се донесе одлука на Совет, наш предлог во она што го правевме како менаџирање е најдобро да си влези во делот на Винскиот Музеј, затоа што, или Дом на културата сеедно како ќе одлучиме заеднички, затоа што мора да има еден вработен, барем во работното време да биде отворена сувенирницата и Спомен собата за посета на посетители од било каде, дали се од Кавадарци, Македонија или надвор од Македонија. Само за информација, од пред недела дена Спомен куќата на Страшо Пинџур во Ваташа, после 12 години и можеби 15 години нефункционирање, ја ставивме во функција, се очисти, се средија некои работи и сега има вработено лице од 8-15 часот секој работен ден, плус на телефонски повик од група или луѓе може да закажат за посета во музејот, така да и веќе функционира. Мислам дека треба тие културни споменици и објекти кои што ги имаме да ги воде една институција која што ќе има корелација со вработените за да можат и групи да закажат и викенди и за празници, меѓутоа и да имат некоја контрола во делот на работното време и секако таа Спомен соба ќе ја дадиме на користење на или Дом на културата или Винскиот Музеј, со оглед на капацитетите кои што ги имат, а и нормално тој што ќе биде таму треба да биде соодветно стручно лице за да објасне во делот на објаснувањето за самиот споменик, на Спомен собата и тоа веќе од понеделник, вторник или после седницата ќе си почне да си функционира со работно време и во делот на одржувањето на споменикот, на околината, на

патеката, на Спомен куќата на Страшо Пинџур веќе Комуналец и дел од волонтерите си го имаат земено тоа за обврска, како тековна обврска и тука немаме недоследности и недостатоци, мислам дека тие културни дела во Општина Кавадарци, вклучувајќи ги и оние што се маце подалечни, еве во саботава имаше чествување за првпат на Димката Ангелов Габерот во делот на близината на Клиново, така да можеме и тој споменик да го ставиме во делот на таа рута на посета на туристи, на луѓе кои што сакат да посетат споменици. Знаете дека сме во моментот во фаза на распишан конкурс за изградба на Спомен обележје на Сашо Гешовски и во делот на кружниот тек и во моментот се работе на Споменикот на великаните на Градските гробишта, кој што беше на некој начин демолиран и концептот беше рушен на споменикот со изградбата на капелата и тоа го враќаме во првобитна состојба. Така да сите потреби кои што ги имаме заеднички ќе ги решаваме како Совет, нормално според она што го имаме веќе како капацитети, веќе имаме најавено присуство на Министерката за култура во петок, како официјален гостин, така да ќе се зборни и со самата министерка да ние можеме да бараме средства и од Министерството понатаки, како што е Споменикот на 12-те деца, кој што е од прва категорија значење и е под државна заштита, мислам дека треба да се одвојуваат средства за да нештото функционира во делот на самото Спомен-обележје. Така да со заеднички одлуки понатаки и со разговор со институциите ќе донесиме одлука на кого ќе биде задолжена и за одговорноста и за одржување, меѓутоа и за функционирање на самата сувенирница и Спомен-соба.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Градоначалник. Почитувани дали има некој прашање. Аце повели.
СОВЕТНИК АЛЕКСАНДАР МУКАЕТОВ: Едно кратко прашање. Дали се планира да се организира превоз до таму. Ем да се намале гужвата, овие постарите луѓе пошто петок неработна ден е, би било убаво со автобус да си отидат и да се вратат. Благодарам.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Аце значи директорот на Јавен превоз ми е во кабинетот кај нас, чека да завршиме со седницата и на негов предлог и инцијатива ќе се обратат нашите 6, односно 7 градски автобуси баш во тој период, некаде од 9 до 10 часот, до пред започнувањето на чествувањето на настанот на 12-те деца и

некаде околу 12 часот до 1 ќе се вратат пак луѓето во Кавадарци, односно би почнале од Сопот до Ваташа и би оделе до 12-те Деца, нормално според интересите на повозрасни или оние што нема да дојдат, така да ќе имаме 3-4 автобуси, кои што ќе бидат пуштени за да пренесат луѓе до Спомен обележјето и да ги вратат назад, а тоа ќе го објавиме после, заедно со нашите медиуми и на нашите профили социјални за да имат луѓето информација.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам. Повели Златевски.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Од мое лично име и од име на сите активисти што учествуваа на возобновувањето на Спомеников на Димката Ангелов Габерот, што се наоѓа на Клинска Леса голема благодарност за сите што дадоа голема подршка, стиснаа некои лајкови и прегледи на објавената сторија од страна на КТВ Телевизија. И известување едно. На синоќешниот состанок на М.З. Клиново беше донесена одлука да овој настан биде традиција за секоја година, значи секој 10-ти јуни ќе се одржува исто такво положување на цвеќе на споменикот и сите што немаа прилика, што немаа можност да дојдат во саботата оваа година, ќе ја имат таа можност наредната година. Ви благодарам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Јован. Една голема благодарност до вас како инцијатори и главен организатор како од групата, од советниците за возобновување на Спомен обележјето на Димката Ангелов Габерот на Клинска Леса. Почитувани советници дали имате некој друг предлог, прашање или идеја или точката ја ставам на гласање. Ве молам со гласање. Кој е за. Почитувани советници на онлајн мрежите. Ристе, Вуко, Весна. Во ред, веројатно претпоставувам дека. Во салата кој е за. Почитувани советници со тоа е исцрпен дневниот ред. За наредната седница имате доставено на мејл, ќе се одржи на 21.06, наредната среда, со почеток во 12 часот. Материјалот ви е пуштен на вашите мејлови. Ви благодарам на присуството.

Изготвил: Анета Рамова

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Стојанчо Рамов